ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Ул. Прилепски бранители бр.1 7500 Прилеп

[redacted]

[redacted]

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-7/1-1
11.03 2024 Год.
Прилеп

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-7/1 од 21.02.2024

Почитуван,

Во врска со Вашето Барање за информација од јавен карактер бр.03-7/1 од 21.02.2024 год., ЈП за ПУП-Прилеп Ве известува дека од страна на Советот на Општина Прилеп е донесен Ценовник за утврдување на цените на услугите бр.02-1283/12 од 15.12.2016 год., а во однос на Правилник за начинот ни постапката за издавање на повластени билети за паркирање во прилог Ви испраќаме копија од Барање-Договор за издавање на повластени билети за паркирање, како и Услови за издавање на повластен билет за паркирање.

Со почит,

Изработил:

Раководител на одделение за паркинг
ЈП за ПУП-Прилеп
Горанче Јошески дсм

ЈП за ПУП-Прилеп
в.д. директор Бранко Нешкоски

Врз основа на ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПАРКИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА, УРЕДУВАЊЕ И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА, КАКО И БЛОКИРАЊЕ, ДЕБЛОКИРАЊЕ, ПРЕМЕСТУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ВОЗИЛА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП (Службен гласник на општина Прилеп број 2 од 22.01.2008 година - одлука бр 08-157/20 од 22.01.2008 како и Одлуката за одредување на јавните паркиралишта на кои ќе се врши наплата на паркирање - Службен гласник на општина Прилеп број 3 од 12.02.2008 година - одлука бр. 07-402/9 од 08.02.2008г. донесена од Советот на Општина Прилеп), УО на ЈП за ПУП Прилеп, на седницата одржана на ден 15.12.2016г., донесе

02 - 1283/12
15.12 16

ЦЕНОВНИК

за утврдување на Цените на услугите за паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта на територијата на Прилеп

член 1

Со овој ценовник се утврдуваат цените на услугите за паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта на територијата на Прилеп .

член 2

Цената на услугата за паркирање на патнички моторни возила на јавните паркиралишта што се наоѓаат на самите магистрални и собирни улици (коловоз, тротоар, заштитен појас) како и улиците што гравитираат кон нив или надвор од површините опфатени со тие улици, утврдени и дефинирани со Одлуката за паркирање донесена од Совет на Општина Прилеп, (зонско паркирање), а кои ги стопанисува ЈП за ПУП - Прилеп, по зони изнесува:

Зона	Цена	Месечна претплата за физички и правни лица	Број на часови за закупена Припеид претплата во вредност од 1000,00 ден за физички и правни лица (Часови)	Максимално време на една закупена СМС паркинг сесија (Часови)	Месечна претплата за повластено паркирање на станари за прво/второ возило	Месечна претплата за паркирање на занаетчии	Месечна претплата за паркирање на вработени кои гравитираат во зоната (по возило)	
А	20 ден/ час	1300 важи за сите паркинг места	60	4	300/400	800	800	
Б	30 ден/ 4 часа	700	100	неограничено	250/300	500	500	
Ц	30 ден/ неограничено за еден влез	600	130	неограничено	200/300	400	400	
Д	30 ден/ неограничено за еден влез	400	150	неограничено	200/250	300	300	

член 3

На сите останати Јавни паркинзи каде не е воведено зонско паркирање и каде не е ограничено времетраењето на паркирање, висината на надоместокот за користење на паркинг место изнесува 1.000 денари месечно со вклучен ДДВ.

За издавање на годишен билет, висината на надоместокот е во вредност од десет месечна претплата за одредена зона.

Висината на надоместокот за користење на дневен доплатен билет за непрописно паркирање, со важност за сите паркиралишта на територијата на Прилеп изнесува 200 ден.

Висината на надоместокот за користење на дневен доплатен билет за непрописно паркирање со поставен уред за блокирање-блокатор, со важност за сите паркиралишта на територијата на Прилеп изнесува 300 ден.

Висината на надоместокот за користење на дневен билет со важност за сите паркиралишта на територијата на Прилеп изнесува 80 ден.

Висината на надоместокот за користење на дневен билет со важност за одреден (еден) паркинг простор изнесува 60 ден.

член 4

Висината на надоместокот за користење на паркинг простор, во Паркиралиштето пред Болница „Борка Талески" ќе изнесува 10 ден/час.

член 5

На паркинг просторите каде не е ограничено времетраењето на паркирање, висината на надоместокот за користење на паркинг место за патнички автомобил изнесува 30 ден., а за комби возило 60 ден за еден влез.

член 6

Ценовникот да се достави до Советот на Општина Прилеп за согласност.

Член 7

Ценовникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Советот на Општина Прилеп.

Член 8

Со донесувањето на овој Ценовник, престанува да важи Одлуката-Ценовник на услугите за паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта на територијата на Прилеп бр.02-79/4 од 05.02.2015 год.

УО на ЈП за ПУП Прилеп
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Тања Стојаноска

УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕН БИЛЕТ ЗА ПАРКИРАЊЕ

ФИЗИЧКИ ЛИЦА – СТАНАРИ/ЗАКУПЦИ

Подносителот на барањето го приложува следното:

1. **ДОКАЗ ЗА ПРИВРЕМЕН ИЛИ ПОСТОЈАН ПРЕСТОЈ ВО ЗОНАТА НА НАПЛАТА НА ПАРКИНГ**
   - фотокопија: лична карта или потврда од МВР (не постара од 6 месеци)
2. **ДОКАЗ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА ВОЗИЛОТО ИЛИ ЛИЗИНГ**
   - фотокопија од сообраќајна дозвола

Доказ за живеалиште / адреса на станување	Доказ за регистрација на возилото	ПБП за период	ПБП
1.А. ЛИЧНА КАРТА Број на лична карта, со важност до Име и презиме Живеалите, адреса на живеење	**2. СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА** Регистерски број на возилото Име и презиме (на сопственикот или корисникот на Лизингот)	**1 – 12 месеци**	
1.В. УВЕРЕНИЕ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ Уверение издадено на ден Име и презиме Престојувалиште и адреса		**1 – 12 месеци**	
1.С. УВЕРЕНИЕ ЗА ВРЕМЕН ПРЕСТОЈ Престој пријавен до Име и презиме Престојувалиште (адреса)		**Максимално до месецот до кога е пријавен престојот**	

НАПОМЕНА:

со документите кои се приложуваат за издавање на повластен паркинг билет, подносителот на барањето должен е да ги даде **оригиналните документи на увид**

повластениот паркинг билет се издава на станарот кој е воедно и **сопственик на возилото (корисник на лизингот)**

ако корисникот приложува уверение за престој (1.Ц), во сообраќајната дозвола мора да биде истиот податок за:

Сопственикот на возилото (или корисникот на лизингот) без разлика на податокот за адресата. На корисникот во овој случај е можно да му се издаде станарски повластен билет за минимално 1 (еден) месец, а максимално до датумот до кој е пријавен престојот.

Во согласност со Законот за заштита на личните податоци, со поднесувањето на Барањето за повластен паркинг билет, подносителот на барањето **доброволно** ги дава на увид оригиналните документи со личните податоци и дава **изричита согласност** на ЈСП Прилеп да ги преземе сите работи, вклучувајќи фотокопирање на неопходните податоци од оригиналните документи, исклучиво со намена за издавање на повластен паркинг билет. Фотокопирање на неопходните податоци од документацијата подразбира фотокопирање на личната карта (предна и задна страна) како и фотокпирање на сообраќајната дозвола (предна страна и страната „Податоци за сопственикот на возилото", а во случај на лизинг на возилото, страната „Корисник на лизингот").

ЈСП Прилеп **се обврзува** дека примените податоци ќе ги користи исклучиво **за намена** за издавање на повластен паркинг билет, а прибраната документација **со намена** архивирање на документацијата на база на која е издаден повластен паркинг билет.

Доколку подносителот на барањето за издавање на повластен паркинг билет за паркирање не дозволи увид во оригиналната документација и не дозволи копирање на неопходните податоци од истите, ЈСП Прилеп го задржува правото за неиздавање на повластен паркинг билет.

УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕН БИЛЕТ ЗА ПАРКИРАЊЕ

ЛИЦА КОИ ИЗВРШУВААТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ (ЗАНАЕТЧИИ)

Подносителот на барањето го приложува следното:

1. **ДОКАЗ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР ВО ЗОНАТА НА НАПЛАТА НА ПАРКИРАЊЕТО**
   - фотокопија: извадок од имотен лист на деловниот простор од Агенција за Катастар на недвижности (не постар од 6 месеци) или договор за закуп на деловниот простор
   - извадок од централен регистар или уписникот што го води надлежно тело
2. **ДОКАЗ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ**
   - фотокопија потврда од надлежен орган кој води евиденција за регистрацијата на субјектите
2. **ДОКАЗ ДЕКА ВОЗИЛОТО Е ВО СОПСТВЕНОСТ ИЛИ ЛИЗИНГ (занаетчијата е сопственик или корисник на лизингот)**
   - фотокопија од сообраќајната дозвола

Доказ за користење на деловниот	Доказ за регистрација на возилото	ПБП на рок	ПБП
1.А. ИМОТЕН ЛИСТ- ИЗВАДОК Сопственик – занаетчија Адреса на деловниот простор	**2. ДОКАЗ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ** Име и презиме-Личност која извршува занаетчиска дејност	**1 – 12 месеци**	
1.В. ДОГОВОР ЗА ЗАКУП Наемопримач- занаетчија Адреса на деловниот простор Траење на договорот за закуп	**3. СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА** Регистарска ознака на возилото Правно лице (сопственик или корисник на лизингот)	**1– 12 месеци до истекот на договорот за закуп (max.12 месеци)**	
1.С. ИЗВАДОК ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР Или уписник на занаетчии			

НАПОМЕНА:

со документите кои се приложуваат за издавање на повластен билет за паркирање подносителот на барањето должен е да ги даде **оригиналните документи** на увид

повластениот билет за паркирање **се издава на занаетчијата кој е воедно и сопственик на возилото** (корисник на лизингот)

Со поднесувањето на барањто за повластен билет за паркирање и предавање на потребна документација, подносителот на барањето дава изричита согласност на ЈСП Прилеп да ги преземе сите работи потребни за обработка на податоци од приложената документација со цел издавање на повластен билет за паркирање, како и сите понатамошни обработки потребни за водење на евиденција на корисниците со повластени услови за користење на јавните градски паркиралишта со наплата.
Со предавањето на документацијата и преземањето на повластен билет за паркирање корисникот потврдува дека е известен за намерата за користење на податоците од приложената документација. ЈСП Прилеп се обврзува дека примените податоци ќе ги користи исклучиво за издавање на повластен билет за паркирање, како и сите натамошни обработки на податоци потребни за водење на евиденција на корисниците со повластени услови за користење на јавните паркиралишта со наплата.

БАРАЊЕ - ДОГОВОР
за повластена паркинг карта
за користење на јавен градски паркинг

ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

Име и презиме / назив на правен субјект _____
(да се пополнат и двете доколку се работи за категорија вработен кај правен субјект)

Адреса од л.к. / Седиште на правен субјект _____

Контакт телефон / е-пошта _____

ПОДАТОЦИ ОД СООБРАЌАЈНА ДОЗВОЛА

ПОДАТОЦИ ЗА ВОЗИЛО :

Регистарска ознака _____ **Марка на возило** _____

Име и презиме / назив на сопственикот на возилото _____

ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ МЕСЕЧНА ПОВЛАСТЕНА КАРТА

(да се заокружи)

X **ФИЗИЧКИ ЛИЦА -СТАНАРИ**	1. Фотокопија од лична карта 2. Фотокопија од сообраќајна дозвола 3. Фотокопија од имотен лист 4. Фотокопија од договор за закуп на стан (доколку станот е под закуп)
X **ФИЗИЧКИ ЛИЦА -ВРАБОТЕНИ ВО ПРАВНО ЛИЦЕ**	1. Фотокопија од лична карта 2. Фотокопија од сообраќајна дозвола 3. Доказ дека лицето е вработено во правното лице 4. Потврда за користење на службено возило за приватни цели (или) Потврда за користење на приватно возило за службени цели **[линк до потврда]** 5. Фотокопија од тековна состојба на фирмата
X **ФИЗИЧКИ ЛИЦА -ЗАНАЕТЧИИ**	1. Фотокопија од имотен лист или договор за закуп на дуќан 2. Фотокопија од сообраќајна дозвола 3. Фотокопија од л.к. на занаетчијата 4. Фотокопија/Извадок од регистарот или уписникот што го води надлежно тело

ЗОНА НА ПАРКИРАЊЕ

(да се заокружи и да се допиши број на зона)	x А. зона (црвена)_____ x Б. зона (жолта) _____ x Ц. зона (зелена) _____

СО ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ ПОТВРДУВАМ ДЕКА :

- **Се согласувам моите лични податоци на ова барање-договор да бидат регистрирани, зачувани и обработувани согласно Законот за заштита на лични податоци, заради извршување на договорот се до наплатата на долгот. Имате право на пристап и исправка на личните податоци. Доколку договорот се обнови / продолжи, согласен сум личните податоци да се обработуваат;**
- **Податоците кои што ги наведов се точни;**
- **Задолжително писмено ќе го информирам претпријатието за секоја промена на податоците;**

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ И ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА ЈАВЕН ПАРКИНГ

Корисник на услугата

1. Месечна претплата за користење услуга јавен паркинг за категорија корисник физичко лице согласно ценовникот на давателот на услугата изнесува _____ денари со вклучен ДДВ, а за закупен период од _____ месеци цената изнесува вкупно _____ денари со вклучен ДДВ почнувајќи од _____ година.
2. Корисникот на услугата се обврзува повластената карта да ја користи единствено за возилото за кое е издадена. Злоупотреба на картата е основ за раскинување на ова Барање-Договор.
3. Корисникот на услугата е должен да ја почитува хоризонталната и вертикална сигнализација (во случај корисникот на услугата да не ја почитува оваа обврска, давателот на услугата има право да му постави блокатор на тркало - лисица или да го отстрани неговото возило со помош на специјално возило пајак) .
4. Со потпишување на ова Барање - Договор корисникот е согласен и однапред ги прифаќа сите измени на ценовникот на услугите.

Давател на услугата

1. Давателот на услугата се обврзува на корисникот на услугата по склучување на договорот да му издаде повластена месечна карта.
2. Давателот на услугата се обврзува навремено да ги презема сите потребни мерки за непречено користење на јавниот паркинг.
3. Давателот на услугата нема обврска да го чува или обезбедува паркираното возило и не одговора за евентуално настанатите штети или кражба на возилото или исчезнати предмети од возилото.
4. Давателот на услугата го задржува правото да врши ажурирање на податоците, да врши промена на условите при користење на услугата и да изврши промена на цената на услугата јавен паркинг.
5. Обврските кои произлегуваат од ова Барање-Договор се подмируваат од 25 до 30 ти во месецот за користење услуга наредниот месец. Уплатата задолжително треба да ги содржи следните податоци: име и презиме на носителот на услугата, регистарска ознака на возилото за кое е издадена повластената карта и период за кој се врши уплатата . За непочитување на рокот на уплата давателот на услугата има право да не му дозволи на корисникот да го користи јавниот паркинг под условите кои се предвидени за повластена карта за јавен паркинг, се додека корисникот не изврши уплата на услугата.
6. Договорните страни се обврзуваат доследно да се придржуваат кон член 26 и останатите одредби од Законот за заштита на лични податоци (Сл.в. на РМ бр.7/05 и 103/08 , 124/10 и 135/11).
7. Ова Барање-Договор се пополнува во три истоветни примероци.

СО ПОПОЛНУВАЊЕ-ПОТПИШУВАЊЕ НА ОВА БАРАЊЕ-ДОГОВОР ЗА КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ УСЛУГАТА, ЗАПОЗНАЕН/А СУМ СО СИТЕ ПРАВА И ОБВРСКИ, СОГЛАСЕН/А СУМ И ГИ ПРИФАЌАМ СИТЕ УСЛОВИ И ОБВРСКИ КАКО КОРИСНИК НА УСЛУГАТА, ПРЕДВИДЕНИ ВО АКТИТЕ НА ЈП за ПУП Прилеп.

Подносител на барање

_____

ЈП за ПУП Прилеп
Директор

_____